Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 09-53/75
26.08 2026 год.

Врз основа на член 28 и 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/2026) и член 96 од Статутот на Општина Новаци ("Службен гласник на Општина Новаци" бр.7/2019) Градоначалникот на Општина Новаци ја донесе следната:

О Д Л У К А

За организирање на ПОВТОРНА Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година.

1.Со оваа Одлука се организира ПОВТОРНА Јавна презентација и Јавна Анкета по Предлог Урбанистички план за село Новаци со разработка на блок 7, 9, 24 и 28, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година.

2.Претходно се спроведува Јавен повик за спроведување на ПОВТОРНА Јавна презентација и Јавна анкета кој ќе трае најмалку 15 дена започнувајќи од 28,08,2026г и истиот ќе трае до 13,09,2026 година.

3.Јавниот повик заедно со Соопштението за организирање на ПОВТОРНА Јавна презентација и Јавна анкета ќе бидат објавени на веб страната на Општина Новаци,огласна табла на општината, информацискиот систем на е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат.

4.ПОВТОРНАТА Јавната анкета ќе трае најмалку 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 14,09,2026г. до 27,09,2026г.а Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 18,09,2026г. (петок) во 12.00ч во просториите на Општина Новаци.

5.Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот во горенаведениот рок да достават забелешки, предлози и мислења преку анкетни листови во општинската администрација, преку информацискиот систем на е-урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), како и по електронски пат до официјалната веб страна на Општина Новаци како донесувач на планот (https://opstinanovaci.gov.mk, а истите можат да ги подигнат од Општина Новаци.

6. Одлуката влегува во сила со денот на донсувањето

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски